**20140611910**

**АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО**

Врз основа на член 59 став (3) алинеја 5 од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13 и 43/14), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСЕБНИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЕПОКСИ ДЕРИВАТИТЕ ([*])

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните барања за безбедност што треба да ги исполнуваат епокси дериватите како групи на супстанции што се употребуваат во производство на производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. Епокси деривати се:

(а) 2,2-бис (4-хидроксифенил) пропан бис (2,3-епоксипропил) етер, понатаму во текстот „BADGE“ (CAS бр. 001675-54-3), и некои од неговите деривати;

(б) бис (хидроксифенил) метан бис (2,3-епоксипропил) етери, понатаму во текстот „BFDGE“ (CAS бр. 039817-09-9) и

(в) други новолак глицидил етери, понатаму во текстот „NOGE“.

2. Производи и материјали се:

(а) производи и материјали направени од каков било вид на пластика;

(б) производи и материјали покриени со супстанција за обложување и

(в) адхезиви.

Член 3

Одредбите од овој правилник не се применуваат на садови или цистерни за складирање кои се со капацитет поголем од 10000 литри или цевки кои се дел од нив или поврзани со нив, покриени со специјална супстанција за обложување - облога за голем товар.

Член 4

Производите и материјалите не треба да ги ослободуваат BADGE и некои од неговите деривати во количина која ги надминува специфичните граници на миграција дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Во производството на производи и материјали не може да се употребуваат и/или да има присуство на BFDGE.

Член 6

Во производството на производи и материјали не може да се употребуваат и/или да има присуство на NOGE.

[*] Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 1895/2005 на Комисијата од 18 ноември 2005 година за ограничување на употребата на определени епокси деривати кај материјали и артикли наменети да дојдат во контакт со храна, CELEX број 32005R1895.

Член 7

Во фазите на пуштање во промет, производите и материјалите кои содржат BADGE и негови деривати треба да се придружени со писмена изјава за усогласеност согласно Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната[1].

Изјавата за усогласеност од став 1 на овој член ја издава операторот со храна, при што на барање на Агенцијата за храна и ветеринарство операторот со храна треба да и достави на увид документација со цел да се потврди усогласеноста на производите и материјалите со барањата пропишани во овој правилник.

Член 8

Овој правилник престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Македонија во Европската Унија.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-1818/1
4 март 2014 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

**Прилог 1**

Специфична граница на миграција за BADGE и определени негови деривати

Збирот на миграции од следниве супстанции:

(а) BADGE [= 2,2-бис(4-хидроксифенил)пропан бис(2,3-епоксипропил) етер] (CAS бр. = 001675-54-3)

(б) BADGE.$H_2O$ (CAS бр. = 076002-91-0)

(в) BADGE.2$H_2O$ (CAS бр. = 005581-32-8)

не треба да ги надминува следниве граници:

- 9 mg/kg за храна или симуланти на храна, или

- 9 mg/6 $dm^2$ во согласност со случаите предвидени во член 17 од Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната [2].

Збирот на миграции од следниве супстанции:

(а) BADGE.HCl (CAS бр. = 013836-48-1)

(б) BADGE.2HCl (CAS бр. = 004809-35-2)

(в) BADGE.H2O.HCl (CAS бр. = 227947-06-0)

не треба да ги надминува следниве граници:

- 1 mg/kg за храна или симуланти на храна, или

- 1 mg/6 $dm^2$ во согласност со случаите предвидени во член 17 од Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната.

Тестирањето на миграцијата се врши во согласност со правилата утврдени во Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната[3].

[1] Правилникот за општите барања за безбедност на материјалите и производите што доаѓаат во контакт со храната е усогласен со член 1 (2) од Регулативата (ЕЗ) бр. 1935/2004 на Европскиот парламент и на Советот од 27 октомври 2004 година за материјалите и производите наменети да дојдат во контакт со храната, број 32004R1935, Регулативата (ЕЗ) бр. 2023/2006 на Европската Комисија од 22 декември 2006 година за добра производна пракса за материјали и производи од пластика наменети да дојдат во контакт со храна и Регулативата бр. 282/2008 од 28 март 2008 година за рециклирани пластични материјали и предмети одредени да стапат во контакт со храна и за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр. 2023/2006.

[2] Член 17 од Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната е усогласен со член 17 од Регулативата (ЕЗ) бр. 10/2011 од 14 јануари 2011 година за пластични материјали и предмети наменети да дојдат во контакт со храна, број 32011 R0010.

[3] Правилникот за посебните барања за безбедност на пластичните материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната е усогласен со Регулативата (ЕЗ) бр. 10/2011 од 14 јануари 2011 година за пластични материјали и предмети наменети да дојдат во контакт со храна, број 32011 R0010.